SZ, 1279, 3.3.'99



ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# ТИШИНА VS ЗВУК

(како) спротивставени, а заемни (односно)

дигитална слика — звучен запис

***Беше тоа контемплација и вербализација... всушност, изложба на Лупка Делева во CIX Gallery, Скопје - јуни 1998. Таа работи како конзерватор во Заводот за заштита на спомениците на културата***

ЗВУК:
Дали отсуството на звук е тишина?
ТИШИНА:
Авторката, за да си го даде самата на себе одговорот: Истражувала, размислувала, читала и споредувала; анализирала и се конфронтирала. Се досетувала, скицирала, компилирала, се двоумела и, на крај, се решила да ја претстави тишината како категорија. Наметнувајќи ѝ ги човечките фацијални делови како кодови на истата. Одговорите се многу (и дискутабилни се) и човек не може да се реши кој да го прифати. Затоа најдобро е да се закотвиш за прашањето и тоа да ти биде напад и одбрана.




ЗВУК:
Можеме ли да ја најдеме тишината и во зборувањето?
ТИШИНА:
На кого му е потребно да ја бара тишината и во зборувањето, кога на многумина им е доволно некогаш да молчат заедно. Притоа, водејќи го најсуптилниот разговор со целосно заемно разбирање. (Вермер Ван Делфт... Оскар Вајлд, Едгар Алан По, Андре Жид... Ингмар Бергман, Серџо Леоне...)





ЗВУК:
Дали постои апсолутна тишина?
ТИШИНА:
Првиот код: Замаглен автопортрет и разбистрени елементи - очи. Кога авторката (во случајов, како пример) молчи и е смирена, таа изгледа тажна. Веројатно, поради краткотрајноста на медитативната состојба. Очите како материја се тивки и неми. Дури и кога солзат, остануваат безвучни. Иако знаеме дека јадот и мислата преку нив најточно се манифестираат.



ЗВУК:
Дали молчењето е тишина?
ТИШИНА:
Усните како код.
Усните му пркосат на звукот, тие се оформуваат во изговарање на самогласките а, е, и, о, у, но без да го поддржат со испуштање на гласовите.

Иванка АПОСТОЛОВА